РЕСУРСЕН ЦЕНТАР
на родители на деца
со посебни потреби




Што треба да знаеме и
како да се однесуваме

# КОН ЛИЦАТА СО ТЕЛЕСЕН ИНВАЛИДИТЕТ



**Не го гледај мојот недостаток
како проблем.**

**Разбери дека мојот недостаток
е моја особина.**

**Јас можам да придонесам
за заедницата на свој начин.**

**Помогни ми да го научам
она што го сакам.**

**Биди личност која слуша и не ја
одземај мојата борба трудејќи се сѐ
да исправиш.**

**Не користи теории и стратегии
за мене, биди со мене.**

**Разговарај со мене како со сите оста-
нати.**

**Не сум бебе, затоа што сум во ко-
личка.**

**Запознај ме, почитувај ме, затоа
што почитувањето значи еднаквост.**

**Не зборувај, не исправај!**

**Слушај, подржувај и следи!**

# Што сé можам да правам...



**Можам да зборувам, мислам, учам, чувствувам.**

**Можам да се дружам и играм со моите врсници.**



**Можам да одам во градинка.**

**Можам да одам на училиште.**



**Можам да учествувам во сите активности, само треба да ми направите простор, за да и јас можам да се вклучам активно. Ако сме во круг, проширете го кругот, да има место и за мене.**



**Можам да учествувам во приредби, театарски претстави.**

**Можам да научам да свирам музички инструмент.**

**Можам да завршам основно училиште, средно училиште и да завршам факултет.**



**Можам да бидам манекен-ка.**



## Можам да спортувам и да се натпреварувам.



## Можам да работам.







**Можам да се заљубам и да формирам семејство.**



**Можам да научам да возам кола.**



## Можам да бидам среќен-а.



Сето ова ќе можам да го направам со поддршка од моето потесно и пошироко семејство, моите пријатели и заедницата која ќе ми обезбеди соодветни услови.





# Однесувајте се со почит

Не правете претпоставки за способностите на другите. Да се биде во инвалидска количка не значи дека лицето е парализирано и не е во можност самото да се снаоѓа во околината, дури и да направи неколку чекори. Некои луѓе користат колички поради проблеми со одење на подолги растојанија, долговремено стоење или срцеви проблеми. Не претпоставувајте-прашајте! Внимателно поставете го прашањето, почнувајќи со „ако не смета што прашувам, поради која причина користите количка?“

- Ова прашање е пристојно само кога веќе сте се запознале со лицето.

Зборувајте директно кон лицето во инвалидска количка. Доколку лицето е придружувано од некого, вклучете ја и таа личност во вашиот разговор. Никогаш не упатувајте директни прашања за лицето кон некој друг освен кон самото лице.





Ако ве праша лицето нешто да му повторите, тоа значи дека не ве слушнало, затоа што разликата во висината најчесто е причина да не ве слушне и затоа:

- Доколку се работи за подолг разговор-седнете. Заморно е подолго време личноста да ве гледа од помала висина.

Пред да ја допрете количката секогаш побарајте дозвола од лицето кое ја користи. Допирање без причина и потпирање на количката делува некултурно и без почит.

- Гледајте на количката како на дел од телото на лицето кое ја користи. Доколку без потреба не би го допреле лицето за рамо - исто така, немојте да ја допирате и количката.



# Бидете љубезни

Кога првпат го сретнувате лицето во инвалидска количка, ракувајте се, исто како што би направиле со било кој друг. Ракувањето воспоставува физичка конекција и ги намалува психолошките бариери за емоционална врска. Дури и кога се работи за **ампутиран екстремитет или протеза,** ракувањето генерално е прифатливо.

Зборувајте опуштено, како што би зборувале со било кој друг. Не ги избирајте зборовите за да избегнете употреба на „трчање“ или „одење“. Тоа само ќе направи разговорот да стане чуден, а повеќето лица во инвалидска количка не ги препознаваат како навредливи.

Не правете шеги и коментари во врска со инвалидската количка. Доколку лицето направи шега, не треба да го игнорирате и придружете се. Но, никогаш не смеете Вие да бидете иницијаторот.



# Имајте разбирање



Ако го придружувате лицето во јавност научете ја посебната вештина на управување со инвалидска количка. Лоцирајте ги рампите. Обично се лоцирани од страна на вратите од ресторани, тоалети, маркети или покрај скали, лифтови и сл. Доколку имате долга патека за поминување, прашајте го лицето „Кој е најлесниот начин да го направиме ова?" Потоа, внимателно следете ги неговите инструкции.

- Доколку организирате настан, обрнете внимание на пристапноста. Означете ги местата каде може да се пристапи со инвалидска количка. Проверете го просторот за маневар во ходниците, коридорите, тоалетите. Доколу настанот е надвор, проверете дали површините со песок и камчиња можат да претставуваат потешкотија за движењето на лицата во инвалидска количка.

Имајте обзири кога користите јавни простории. Некои јавни места, како паркинзи, маси во ресторан, места во училишни клупи, се предвидени само за лица во инвалидска количка. Не ги користете овие означени места, освен ако не придружувате лице во количка. Вие имате можност да изберете некое од другите места на паркингот, во ресторанот, училницата, а лицата во количка имаат пристап само до означените места.
Понудете помош, но не претпоставувајте дека лицето во количка секогаш има потреба од помош. Секогаш пр во прашајте. Не се чувствувајте навредено ако помошта Ви биде одбиена, најверојатно се работи за многу независна личност. Прашајте дали може да помогнете со тоа што ќе ја задржите вратата на влезот или во искачувањето на стрмната рампа.

- Никогаш не преместувајте нечија инвалидска количка без дозвола. Можеби лицето ја наместило за лесно да се префрли во неа од местото на седење.



**Придружете ни се да изградиме свет во кој ќе има место за секого.**



**Ова планета е мала, но доволно голема за сите нас и толку богата за на сите да ни овозможи благосостојба, а со тоа и учество, функционирање и рамноправност во општеството.**



РЕСУРСЕН ЦЕНТАР
на родители на деца
со посебни потреби

**РЕСУРСЕН ЦЕНТАР**
ул. Васко Карангелески 33
1000 Скопје
++389 78 449 851
++389 78 449 852
www.resursencentar.mk

Изработката на прирачникот е овозможена со финансиска поддршка од Канцеларијата на Уницеф, Скопје, а во рамките на проектот „Expanding opportunities for social inclusion and enhance the quality of life of children with disabilities by empowering their parents and families“.

unicef

Ставовите изнесени во овој прирачник се на авторот и не мора да се совпаѓаат со ставовите и политиките на УНИЦЕФ.